IATEFL
No 2 & 3 The Foundry, Seager Road,
Faversham, ME13 7FD, United Kingdom
W: www.iatefl.org ▪ E: info@iatefl.org
T: +44 (0)1795 591414 ▪ F: +44 (0)1795 538951

# Конференцијата на ИАТЕФЛ: Решение со голема вредност за вашата институција

Меѓународната асоцијација на наставници по англиски јазик како странски јазик (The International Association of Teachers of English as a Foreign Language(IATEFL)) секоја година одржува годишна, меѓународна конференција за наставници по англиски јазик во Обединетото Кралство.

Конференцијата нуди единствена можност да се сретнат околу 3000 учесници од целиот свет со цел да се запознаат со најновите методи на предавање, да воспостават и одржуваат контакти со други професионалци од областа и гордо да ги претставуваат своите институции разменувајќи идеи и истражувања со учесници од други институции.

**Најзначајни моменти на конференцијата:**

- Пред Конференцијата се одржуваат настани организирани од страна на 16 специјални групи од различни области кои што се дел од ИАТЕФЛ, по нив, во времетраење од 3 и пол дена, се одржуваат над 20 истовремени предавања, односно вкупно над 500 предавања. Сигурно има за секого по нешто.
- Пет светски познати главни говорници кои им нудат на учесниците највисоко ниво на разновидни содржини, истражувања и ресурси.
- Главни настани на тековни теми од областа на предавањето на англискиот јазик организирани од страна на главните лидери во областа.
- „Како да “ предавања, кои се извор на значајни совети за клучни професионални ситуации како што се држење презентации, управување со центар за јазици, или објавување на текстови за предавање на англискиот јазик во журнали и билтени.
- Меѓународни јазични саеми, совршено место за претставување на истражувања, проекти, и споделување на идеи со голема група на учесници.
- Хала за излагачи, со над 40 издавачки куќи, организации за тестирање, институции кои нудат курсеви, компании за технологија во наставата по англиски јазик и уште многу други кои нудат разновидни ресурси и можности за поврзување.
- Посебни вечерни настани вклучувајќи театар, музика, раскажување приказни и квизови со што им се овозможува на учесниците поголемо дружење во неформална атмосфера.

**На оваа конференција учесниците:**

- Учат за иновативни пристапи кон предавање и учење на англиски јазик.
- Имаат пристап до најнови публикации и истражувања.
- Добиваат увид за најновите случувања во развојот од областа на предавањето на англискиот јазик.
- Добиваат полза од професионален развој, која што може да се употреби за обучување на други наставници или персонал и/или да се подобри сопствената практика.

Накратко, ИАТЕФЛ е најдоброто и најефективното решение за наставниците по англиски јазик кое што нуди сериозен пристап кон праксата на предавање на англискиот јазик како и споделување на информации на различни начини преку одржување на конференцијата во топла и пријателска атмосфера на совршено место. Ве покануваме Вас и вашиот персонал да ни се придружите на следната конференција.